ОВЧЕ ПОЛЕ - УНИКАТНО НАЦИОНАЛНО И ЕВРОПСКО ПРИРОДНО НАСЛЕДСТВО

“НАТУРА 2000...ЗА ПРИРОДАТА...ЗА ЛУЃЕТО”

приоритетни живеалишта и видови во предлог селектирано Натура 2000 подрачје Овче Поле

NATURA 2000

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

ФАРМАХЕМ
FARMACHEM

МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

Што е Натура 2000

Натура 2000 е најголемата мрежа на подрачја избрани за да се обезбеди долгорочен опстанок на највредното природно наследство на загрозени видови и живеалишта во Европа. Натура 2000 мрежата произлегува од Европските директиви за живеалишта и диви птици. Земјите-членки избираат подрачја според прецизни, научни критериуми, кои се однесуваат на типовите живеалишта и видовите кои се наведени во Европската Директива за живеалишта и Директивата за птици.

Со воспоставување на Натура 2000 мрежата се обезбедува зачувување на широк спектар на ретки, загрозени и ендемични растителни и животински видови и околу 200 ретки и карактеристични типови на живеалишта кои се во фокусот за зачувување на земјите членки во Европската Унија.

Што се приоритетни живеалишта и приоритетни видови?

Приоритетните живеалишта и видови се дефинирани во Директивата за живеалишта, каде пишува дека: „Со оглед на заканите, одредени типови природни живеалишта и одредени видови, неопходно е да се дефинираат како „приоритетни“ со цел да се фаворизира рано спроведување на мерките за нивно зачувување“. Оттука во селекција на Натура 2000 подрачја предност за заштита имаат приоритетните живеалишта и видови кои се на листите (Анекс I и Анекс II) на оваа директива.



Hedysarum macedonicum, Гладно Поле, Богословец
Фото: Славчо Христовски

Приоритетни живеалишта и видови во предлог селектираното Натура 2000 подрачје „Овче Поле“

Во рамките на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија во текот на теренските истражувања спроведени во 2018 и 2019 година експерти од 13 таксономски групи спроведоа истражувања на видови во три подрачја во брегалничкиот слив (Овче Поле, Долна Брегалница и Малешевски Планини) со цел собирање на податоци за идно воспоставување на Натура 2000 подрачја во земјава, процес којшто треба да е завршен пред државата да биде полноправна членка на Европската Унија.

Во Овче Поле се евидентирани четири приоритетни типови на живеалишта. Гледано од аспект на уникатноста на овие живеалишта на национално и европско ниво, Овче Поле со право заслужува да биде идно Натура 2000 подрачје.

Овчеполска жалфија (*Salvia jurisicii*) во близина на Мустафино
Фото: Владо Матевски

Ретките „континентални солени ливади“ во Овче Поле

Во околината на селата Ќоселари, Сарамзалино и Аџибегово можат да се најдат континентални солени ливади кои преставуваат наши ретки, најспецифични и уникатни живеалишта. Тие преставуваат редок тип живеалиште во Европа, што драстично се намалува во последните 50 години во сите области каде ги има како резултат на интензивни човекови активности. Во источните делови на нашата земја се среќава на лапорестите солени блата во Овче Поле.

Континентални солени ливади во близина на Црнилиште
Фото: Богољуб Стеријовски

Единствената Балканска степа во Овче Поле - Панонски солени степи и солени мочуришта

Ќоселари, Стањевци, Ерџелија и Мустафино треба да се горди бидејќи во нивна близина имаат уникатни степолики предели. Овие предели се единствени од ваков тип на Балканскиот Полуостров. Ова живеалиште е карактеристично за почви богати со соли, кои во пролетниот повлажен период се богати со растворливи карбонати, додека во летниот период подземните води со евапорацијата достигнуваат до површината на почвата така што поради високите температури доаѓа до исушување на почвата и остануваат пукнатини по нејзината површина.

Панонски солени степи во близина на Ерџелија
Фото: Богољуб Стеријовски

Степски брдски пасишта – впечатлив пејзаж на Овче Поле - Псевдостепи со треви и едногодишни растенија Thero-Brachypodietea

Во околината на селата Стањевци, Иванковци, Мамутчево и Каратманово неизбежна сцена на овие рурални средини се маркантните степски брдски пасишта кои се асоцијација за Овче Поле. Овој тип на живеалиште се среќава во најголем дел од субмедитеранските земји и умерените делови на Европа.

Брдски пасишта во близина на Каратманово
Фото: Богољуб Стеријовски

Манастирски шуми во Овчеполско - даб благун во субмедитеранското подрачје

На северните падини од Богословец вирее дабот благун кој е многу редок и најчесто зачуван во старите црковни манастирски шуми. Благуновите дабови шуми се важни за заштита како нетипични заедници за подрачјето на Овче Поле. Ова шумско живеалиште досега не беше евидентирано за нашата земја.

Покрај приоритетните типови на живеалишта, Овче Поле е дом на повеќе диви видови кои се од европско значење како на пример: црната мрена, блатната желка, змијата ждрепка, леопардовиот смок, степската трептилка, лисестиот глувчар, царскиот орел, сивиот сокол, видрата, волкот, шрејберовиот лилјак и многу други.

Овие уникатни типови живеалишта и диви видови на национално и европско ниво, даваат причина зошто Овче Поле со право заслужува да биде идно Натура 2000 подрачје.

Даб благун на Богословец
Фото: Богољуб Стеријовски

Натура 2000 во пракса

Натура 2000 не е дизајнирана да биде систем на строго заштитени подрачја што работи со исклучување на различна употреба на земјиште (како што се земјоделство, шумарство, риболов). Тоа им овозможува на овие стопански гранки да продолжат сè додека не го загрозат опстанокот на живеалиштата и видовите во и надвор од мрежата.

Натура 2000 има позитивен придонес за заедницата, затоа што им носи корист на луѓето, природата и локалната економија. За да се овозможи континуираното постоење и поволна состојба на зачуваност на приоритетните живеалишта и дивите видови, неопходни се земјоделски, сточарски и шумарски активности кои преку одржливо управување ќе обезбедат заеднички бенефит за луѓето и за природата. Дополнително, ова ќе преставува поттик за економијата и ќе биде добра основа за развој на локално и регионално ниво.

Земјоделството дава голем придонес во биолошката разновидност, благодарение на вековните разновидни земјоделски традиции, што резултира со создавање на различни живеалишта низ пределите. Овие живеалишта се дом на разнообразни видови на растенија и животни.

Од аспект на земјоделството, Натура процесот подржува: доцно косење за да се заштитат гнездата на птиците и да се поттикнат дивите растенија; ограничување на користење на нивото на пестициди и вештачки ѓубрива; прилагодување на термините на пасење за да се спречи премногу или премалку пасење во брдските или високите планински пасишта; употребување на ротациско земјоделство со мешани култури што овозможува одржување на хранливоста на почвите; одржување мозаична структура на земјиштето со што се обезбедува разнообразност во живиот свет; одржување на традиционалните овоштарници.

Шумите се од круцијално значење за Натура 2000 и обратно. Некои од шумите во Натура 2000 подрачјата, може да се управуваат со цел да се постигнат повеќе функции, на пример обезбедување на екосистемски услуги.

Натура 2000 отвора нови можности за развој на екотуризмот и руралниот туризам. Овој процес делува стимулативно на постојниот туризам и ќе помогне во неговата промоција, правејќи го одржлив од една страна, а ќе подржува заштита на видовите и живеалиштата од друга страна.

Земјоделство во близина на Богословец
Фото: Богољуб Стеријовски

Сточарство на падините на Богословец
Фото: Евгенија Јордановска Нечкоски

Кампањата за промоција на бенефитите од трите предложени Натура 2000 подрачја во сливот на река Брегалница ја спроведува Македонско еколошко друштво, а корисник е Министерството за животна средина и просторно планирање. Кампањата е дел од Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), координиран од Фармахем, Скопје.

Фото на насловна: Тони Стојановски, Солени ливади во близина на Ерџелија

Линкови:

http://natura2000.gov.mk/mk/ | https://www.facebook.com/Natura2000MK | http://www.bregalnica-ncp.mk | http://mes.org.mk